# 141. ГО ФАТИЛЕ КЛЕТИ ТУРЦИ




Го фатиле клети Турци
едно моме најубаво,
едно моме најубаво, најубаво,
најубаво во селото.

Кажи, кажи, лично моме,
кај се крие Гоце Делчев,
кажи кажи лично моме, лично моме,
кај се крие Гоце Делчев.

Му врзале двете раце,
двете раце наопако,
му врзале двете раце, двете раце,
двете раце наопако.

И да умрам, клети Турци,
јазе Гоце не кажувам,
и да умарам, клети Турци, клети Турци,
јазе Гоце не кажувам.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995